| | | |
|---|---|---|
| | **УПАТСТВО ЗА КОРИСНИЦИТЕ ЗА НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ НА ВОДА ЗА АНАЛИЗА** | Документ: 02 08 РУ 7.3 09<br>Верзија: 2<br>Важи од: 22.02.2022<br>Страна 1/1 |

За потребите на лабораториско испитување на земени примероци вода за пиење, минерална вода, површинска вода или техничка/технолошка вода земени и доставени од страна на странката, АХВ, ЦЈЗ и/или ИЈЗ на РСМ и доставени до ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ, неопходно е да се запази следната процедура.
Заради зголемениот опсег на акредитација на лабораториите на ИЈЗ РСМ, потребно е да се доставаат доволни количини вода за лабораториско испитување и тоа во соодветна амбалажа според позитивните законски прописи - Правилник за безбедност на водата (Службен весник на РМ бр. 183/2018) и тоа:

***За бактериолошка анализа***

- **стерилно шише од ЈЗУ ИЈЗ на РСМ - Скопје од 1000 ml,** да се достави во рок од 6 часа до лабораторијата (во услови на амбиентна температура над 20$^0$С, преносот и чувањето да се изврши во портабл фрижидер).

***За основна физичко-хемиска анализа***

- **хемиско чисто пластично шише од 1-1.5 l** (најдобро од било која минерална/изворска вода (неароматизирана), да не биде амбалажа во која претходно се чувал сок, алкохол, оцет и сл.), претходно добро исплакнето со водата која ќе се анализира. Капачето исто така треба добро да се исплакне со вода.

***За периодична физичко-хемиска анализа***

- **хемиско чисто пластично шише од 2-3 l** (според горенаведените препораки)

***За анализа на резидуи на пестициди***

- **хемиско чисто пластично шише од 1-1.5 l** (според горенаведените препораки)

***За радиолошка анализа***

- **хемиски чист пластичен канистер од 20 l (или 2 канистра по 10 l)**

***За анализа на трихалометани***

- **хемиско чисто стаклено шише со темна боја и шлифуван затворач од 1 l**

(најдобро е да го обезбедите од ЈЗУ ИЈЗ на РСМ)

***За паразитолошка анализа***

- **хемиско чисто пластично шише од 1-1.5 l**-според горенаведените препораки.

Примероците вода се доставуваат обележани со налепница или со водоотпорен фломастер (со податоци за мерното место од каде е земен примерокот, ден и час на земање на истиот); ***задолжително да се пополни барање*** кое ќе го добиете во ЈЗУ ИЈЗ на РСМ или ***пропратно писмо*** (со податоци за мерното место, датум на земање на примерокот, видот на извориштето - копан/бушен бунар, река/езеро, водоводна мрежа, резервоар за вода или др.; дали водата е хлорирана или не и кои лабораториски анализи ги барате, дали имате некое посебно барање).
Задолжително да се наведат општите податоци за барателот на услугата (адреса на странката за наплата, каде сака да се испрати извештајот од тестирање и фактурата, телефонски број и др.) и потпис.
Во случај кога ***приватно лице*** го доставува примерокот, истото треба да приложи на увид и ***документи за лична идентификација.***

ОБ 8.3 01 Верзија 1

**Изработил** **Одобрил**
**Доц. д-р Мирјана Димовска** **Проф. д-р Драган Ѓорѓев**